# П Р О С П Е К Т

## УГОТУР АД Скопје

**Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија - Скопје**

**ул.16 Македонска бригада бр.18 Скопје**
**www.ugotur.com.mk**

---

**Котација на акциите на УГОТУР АД Скопје на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, на подсегмент Задолжителна котација**

---

До Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје е доставено барање за котација на акциите на Уготур АД Скопје на Официјалниот пазар, на подсегмент Задолжителна котација.Номиналната вредност на една акција на УГОТУР АД Скопје изнесува 5,11 евра. Барањето за котација се однесува на :

-866.160 обични акции со право на глас

Пред котацијата на Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје со акциите на УГОТУР АД Скопје се тргувало на Редовен пазар на Македонската берза на подсегмент Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

**Покровител на котацијата**

**ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје**
**Ул.Македонија 11 а Скопје**

**Скопје, април 2013 година**

Врз основа на Одлука за котација на хартии од вредност бр.70 од 15.04.2013 година со која се овластува Извршниот директор на УГОТУР АД Скопје да ги потпише сите документи во врска со котацијата на УГОТУР АД Скопје на Берзата, во име на Одборот на директори на УГОТУР АД Скопје, Извршниот директор ја потпишува следнава

# И З Ј А В А
# ОД ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА УГОТУР АД Скопје

Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на УГОТУР АД Скопје, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој проспект.

**Извршен директор**
**Благој Поповски**

Проспектот е изработен согласно Правилата за котација на хартии од вредност објавени од Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во март 2013 година.

Ревизор на годишните сметки на УГОТУР АД Скопје за 2011 и 2012 година е Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо Доо Скопје, со адреса на ул.Дрезденска бр.52 Скопје.

Покровител на котацијата на Уготур АД Скопје е брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје, со адреса на ул.Македонија 11 а Скопје.

Назив и адреси на банките на Уготур АД Скопје:
-Комерцијална банка АД Скопје, кеј Димитар Влахов бр.4 Скопје
-Стопанска банка АД Скопје,11 Октомври Скопје

Проспектот не преставува понуда за продажба,ниту повик за купување на акциите на УГОТУР АД Скопје.Проспектот не смее да се смета за препорака за купување на акции на Уготур АД Скопје, а секој потенцијален инвеститор се упатува на сопствена проценка на финансиската состојба и работењето на УГОТУР АД Скопје.

## С О Д Р Ж И Н А


### 1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

1.1.Назив и седиште на издавачот
1.2.Износ на вкупниот номинален капитал, пооделните родови на акции со нивните главни кракteristики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род
1.3.Одредби од Статутот кои ги регулираат промените во капиталот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции
1.4.Промени во структурата на капиталот во последните две години во поглед на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал
1.5.Износот на сите должнички конвертабилни хартии од вредност
1.6.Имиња на акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на Глас
1.7.Мнозинско учество во одредени друштва
1.8.Ревидирани финасиски извештаи за 2011 и 2012 година
1.9.Квалификации на ревидираните финансиски извештаи

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

2.1.Опис на основната дејност
2.2.Информации за значајни нови производи
2.3.Приказ на приходите од продажба во 2011 и 2012 година
2.4.Краток приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки
2.5.Информација за политиката на развојот и истражување на нови производи и постапки во изминатите три години
2.6.Информации за сите судски и арбитражни постапки кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба
2.7.Број на вработени и квалификациона структура
2.8.Опис и вредност на значителни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва во 2011 и 2012 година
2.9.Место и позиција на УГОТУР АД Скопје во гранката

**3. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ**

3.1.Финансиски податоци за период 2011 и 2012 година

**4. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА**

4.1.Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност
4.2.Опис на правата кои им припаѓаат на акциите
4.3.Позначајни одредби од Статутот на УГОТУР АД Скопје кои ги регулираат правата на акционерите
4.4.Статистички податоци за тргувањето со акциите на УГОТУР АД Скопје за 2011 и 2012 година

**5. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ**

5.1.Податоци за членовите на органите на управување
5.2.Судир на интереси помеѓу членовите на органите на издавачот

**6. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ**

6.1.Информација за развојните перспективи во деловното работење во периодот 2013-2о15 година
6.2.Основни претпоставки и проценка за движење на добивката во период 2013-2015 година

**7. РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 и 2012 ГОДИНА**

# 1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

## 1.1.Назив и седиште на издавачот

**Полниот назив на издавачот гласи:** УГОТУР Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија Скопје.

**Скратениот назив на издавачот гласи**: УГОТУР АД Скопје.

**Седиштето** на УГОТУР АД Скопје е на ул.16-та Македонска бригада бр.18 Скопје.

## 1.2.Износ на вкупниот номинален капитал, пооделните родови на акции со нивните главни крактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род

Вкупниот номинален капитал на УГОТУР АД Скопје,односно основната главнина изнесува 4.428.589 евра , а претставен е преку 866.160 акции. Номинална вредност на една акција изнесува 5,11 евра.

Бројот на обичните акции изнесува 866.160 со вкупна номинална вредност од 4.428.589 евра.

Во рамки на вкупната основна главнина обичните акции учествуваат со 100 %.

## 1.3.Одредби од статутот кои ги регулираат промените во капиталот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции

Промените во капиталот се регулирани во точка 7 Основна главнина на Друштвото и акции во членовите 19, 20 и 21 од Статутот на УГОТУР АД Скопје.
Основната главнина на Друштвото може да се зголемува или намалува со одлука на Собранието.
Со одлука на Собранието за намалувањето односно зголемувањето на основната главнина истовремено се определува целта, причините како и постапката за спроведување на намалувањето односно зголемувањето.
Одлуката за зголемување односно намалување на основната главнина Собранието ја донесува со мнозинство од најмалку две третини од гласовите кои ја претставуваат основната главнина на Друштвото.

Правата на акциите се регулирани во точка 7 Основна главнина на Друштвото и акции, во членот 18.

Секоја обична акција на нејзиниот сопственик му носи:

-право на глас во Собранието на Друштвото;
-право на исплата на дел од добивката во вид на дивиденда;
-во случај на стечај или ликвидација на Друштвото даваат право на сразмерно учество во поделбата на стечајната, односно ликвидационата маса.

Акциите се запишуваат во акционерската книга на Друштвото која што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

## 1.4.Промени во структурата на капиталот во последните две години во поглед на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал

Во последните две години не се случиле промени во капиталот на УГОТУР АД Скопје во поглед на износите на емитираниот капитал. Промени не се случиле ниту во бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал.

## 1.5.Износот на сите должнички конвертабилни хартии од вредност

УГОТУР АД Скопје нема издадено должнички конвертабилни хартии од вредност.

## 1.6.Имиња на акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас

Акционери кои поседуваат над 5% од основната главнина на Друштвото, односно од акциите со право на глас се

- Фершпед АД Скопје со адреса на ул.Македонија бр.11а Скопје и ЕМБС 4057465 поседува 211.117обични акции кои претставуваат 24,37% од основната главнина на Друштвото,односно од акциите со право на глас.

- Макпетрол АД Скопје со адреса на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 4 Скопје и ЕМБС 04057643 поседува 211.117 обични акции кои претставуваат 24,37% од основната главнина на Друштвото, односно од акциите со право на глас.

-Технометал-Вардар АД Скопје со адреса на ул. Вељко Влаховиќ бр. 11 Скопје и ЕМБС 04091639 поседува 191.977 обични акции кои претставуваат 22,16% од основната главнина на Друштвото, односно од акциите со право на глас.

На 31.12.2012 година нема други акционери кои поседуваат повеќе од 5% од акциите со право на глас.

## 1.7.Мнозинско учество во одредени друштва

УГОТУР АД Скопје не поседува мнозинско учество во одредени друштва и поради тоа не изготвува консолидирани финансиски извештаи.

## 1.8.Ревидирани финасиски извештаи за 2011 и 2012 година

Финансиските извештаи на УГОТУР АД Скопје за 2011 и 2012 година се ревидирани од страна на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо Доо Скопје.

Во продолжение следи приказ на Билансот на состојба и Билансот на успех на УГОТУР АД Скопје за 2011 и 2012 година.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

**во илјади денари**

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **37.358** | **34.367** |
| Останати оперативни приходи | 2.756 | 1.858 |
| Употребени материјални и ситен инвентар | -16.356 | - 16.767 |
| Плати | -11.387 | - 10.378 |
| Амортизација | -1.323 | -1.459 |
| Набавна вредност на трговски стоки | - 4.502 | - 925 |
| Останати оперативни расходи | -3.789 | - 4.837 |
| **Добивка од редовно работење** | **2.757** | **1.859** |
| Финансиски приходи | 2 | 63 |
| Финансиски расходи | -17.576 | -3 |
| **Загуба/добивка пред оданочување** | **-14.817** | **1.919** |
| Данок на добивка | -60 | -54 |
| **Загуба/добивка за пресметковниот период** | **-14.877** | **1.865** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| Основни средства | 9.588 | 10.801 |
| **Вкупно долгорочни средства** | **9.588** | **10.801** |
| Залихи | 3.503 | 3.582 |
| Побарувања од купувачи | 13.566 | 16.092 |
| Побарувања за дадени аванси | | 6 |
| Останати краткорочни побарувања | 297 | 458 |
| Парични средства и хартии од вредност | 1.752 | 971 |
| **Вкупно тековни средства** | **19.118** | **21.109** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **28.706** | **31.910** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | |
| Акционерски капитал | 67.415 | 67.415 |
| Резерви | 2.318 | 2.318 |
| Непокриена загуба | -99.468 | -84.591 |
| **Траен капитал** | **-29.735** | **-14.858** |
| **Останати долгорочни обврски** | **246** | **-** |
| Обврски спрема добавувачи | 37.833 | 30.329 |
| Обврски за примени аванси | | 10.426 |
| Останати краткорочни обврски | 20.362 | -6.013 |
| **Вкупно тековни обврски** | **58.195** | **46.768** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **28.706** | **31.910** |

### 1.9. Квалификации на ревидираните финансиски извештаи

Не постојат било какви квалификации на ревидираните годишни финансиски извештаи, одбивање на ревизорот да даде мислење или давање на негативно мислење на извештаите на УГОТУР АД Скопје за 2011 и за 2012 година.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

### 2.1.Опис на основната дејност

Основната дејност на фирмата е приготвување, дистрибуирање и послужување на готови производи од областа на организирана исхрана на работници.

Приготвуваме три вида оброка: топол, лесен и пакет.

Исто така организираме и разни презентации, коктели и деловни ручеци во сопствена сала со капацитет од 50 гости .

УГОТУР АД Скопје своите производи ги приготвува во модерна кујна, опремена и приспособена за производство по принципите на HACCP системот за безбедност на храна.

Кацитетот на кујната е 10 000 оброка дневно.

Дистрибуцијата на храната се врши со модерни возила со изотермички садови, со што се овозможува приготвената храна да се дистрибуира до купувачот во непроменета состојба.

### 2.2.Информации за значајни нови производи

Во своето работење УГОТУР АД Скопје го подобрува квалитетот на своите производи континуирано според желбите на корисниците на услугите од ваков тип на исхрана.
Истовремено се работи и на развој на нови производи во склад со желбите на потрошувачите

## 2.3.Приказ на приходите од продажба во 2011 и 2012 година

Остварените приходи од продажба во изминатите две години е како што следи:

**во илјади денари**

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Приходи од услуги на домашен пазар | 4.090 | 2.041 |
| Други приходи од услуги на домашен пазар | 31.624 | 32.326 |
| **Вкупно** | **35.714** | **34.367** |

## 2.4.Краток приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки

УГОТУР АД Скопје во своето работење не е зависен од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки.

## 2.5.Информација за политиката на развојот и истражување на нови призводи и постапки во изминатите три години

УГОТУР АД Скопје за периодот од последните три години се соочи со голем број на проблеми. Економската криза на глобално ниво негативно се одрази на работењето на нашиот најголем корисник на услуги Макстил АД Скопје што посредно негативно се одрази и нашето работење во целост. Зголемените цени на суровините и материјалите како и енергенсите (струја, плин, нафта и сл.) негативно се одразуваа на финансиското работење на друштвото за тоа што цената на нашите услуги останаа непроменети. Проценка на раководството на друштвото е дека во наредниот период обемот на производството ќе се движи со тенденција на благо намалување. Заради тоа се прават напори за изнаоѓање на алтернативни пазари за зголемување на обемот на производството со што би се намалиле трошоците на работењето и би се подобрила финансиската состојба на друштвото.

## 2.6. Информации за сите судски и арбитражни постапки кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба

Отежнатите стопански услови во кои работат стопанските субјекти во земјата не го заобиколуваат ниту УГОТУР АД Скопје. Доколку поинаку не е можно, УГОТУР АД Скопје по пат на утужување се грижи за наплатата на своите побарувања. Активностите секогаш започнуваат со обиди за договорно,вонсудско решавање на споровите.
Износите на поднесените тужби се нематеријални и не можат да имаат сериозно влијание врз финансиската состојба на друштвото.
Арбитражни постапки не се водат.

## 2.7. Број на вработени и квалификациона структура

Бројната состојба и квалификационата структура на вработените во изминатиот тригодишен е како што следи:

| **Квалификација на вработените** | **2012** | **%** | **2011** | **%** | **2010** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Висока стручна спрема | 1 | 3,33 | 1 | 3,33 | 1 | 2,70 |
| Виша стручна спрема | 1 | 3,33 | 1 | 3,33 | 1 | 2,70 |
| Средна стручна спрема | 9 | 30,00 | 9 | 30,00 | 12 | 32,36 |
| Квалификувани | 15 | 50,00 | 15 | 50,00 | 16 | 43,24 |
| Ниско квалификувани | 4 | 13,34 | 4 | 13,34 | 7 | 19,00 |
| **Вкупно** | **30** | **100,00** | **30** | **100,00** | **37** | **100,00** |

Од табеларниот преглед може да се согледа дека бројот на вработените во УГОТУР АД Скопје по намалувањето во 2011 година во однос на состојбата во 2010 година, во 2012 година е на истото ниво како во 2011 година.
Учеството на вработените со високо и више образование во вкупниот број на вработени од 2010 – 2012 година е непроменет.
Вработените со средна стручна спрема се намалуваат во 2011 година, а во 2012 година нема промена. Истото се однесува и за Квалификуваните и Ниско квалификуваните работници.

## 2.8. Опис и вредност на значителни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва во 2011 и 2012 година

Инвестициите во 2011 година се однесуваат на инвестиции во опрема, со набавка на нови средства во вредност од 58.078 денари, со што е зголемена вредноста на основните средства.
Во текот на 2012 година направена е инвестиција во градежен објект во вредност од 76.314 денари и инвестиција во опрема во вредност од 34.018 денари.
Во текот на 2011 и 2012 година не се остварени вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва.

## 2.9. Место и позиција на УГОТУР АД Скопје во гранката

УГОТУР АД Скопје е правен следбеник на Рудници и Железарница Скопје - Скопје. УГОТУР АД Скопје од своето постоење ја задржа својата дејност, организирана исхрана за вработените во црната металургија. Тоа подразбира подготовка, дистрибуција и делење на топол, лесен и пакет оброк на вработените. Овој тип на оброци специјално се подготвуваат со посебни калорични вредности наменети за вработените во црната металургија.
УГОТУР АД Скопје има долгогодишно искуство во организирање исхрана од овој тип , во модерна кујна опремена и приспособена за производство по принципите на HACCP принципот за безбедност на храна.
За гранката во која делува УГОТУР АД Скопје може да се каже дека до поделбата на Рудници и Железарница Скопје - Скопје во 1997 година беше исклучително конкурентен, но со самата поделба се случија промени кои негативно се одразија во друштвото. Сите друштва од поделбата на Рудници и Железарница Скопје - Скопје не продолжија да ги користат услугите од УГОТУР АД Скопје затоа што во тој период се појавија голем број на нови угостителски фирми кои нудеа услуги од сличен тип на УГОТУР АД Скопје и предизвикаа сериозна конкуренција на друштвото.

## 3. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

### 3.1.Финансиски податоци за период 2011 и 2012 година

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Вкупни средства (во илјади денари) | 28.706 | 31.910 |
| Вкупни обврски (во илјади денари) | 58.441 | 46.768 |
| Вкупен капитал (во илјади денари) | -29.735 | -14.858 |
| Добивка пред оданочување (во илјади денари) | -14.817 | 1.919 |
| Добивка по оданочување (во илјади денари) | -14.877 | 1.865 |
| Нето добивка по акција | -16,79 | 2,15 |
| Коефициент цена/добивка по акција | / | 5,12 |
| Коефициент цена/книговодствена вредност на една акција | / | / |
| Износ на исплатена дивиденда | / | / |
| Дивиденден принос | / | / |

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА

### 4.1.Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност

Барањето за котација на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, на подсегментот Задолжителна котација се поднесува за 866.160 обични акции со вкупна номинална вредност од 4.428.589 евра.

Номиналната вредност на една акција на УГОТУР АД Скопје изнесува 5,11 евра .

## 4.2.Опис на правата кои им припаѓаат на акциите

Согласно Статутот на УГОТУР АД Скопје обичните акции им ги даваат на нивните сопственици следните права:

-право на глас во Собранието на Друштвото;
-право на исплата на дел од добивката во вид на дивиденда;
-во случај на стечај или ликвидација на Друштвото даваат право на сразмерно учество во поделбата на стечајната,односно ликвидационата маса.

Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.
Акциите гласат на име. Акциите се слободно преносливи.
Како акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга која согласно законската регулатива се води во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

## 4.3.Позначајни одредби од Статутот на УГОТУР АД Скопје кои ги регулираат правата на акционерите

### Собрание на акционери

Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието. Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, ако со Закон не е поинаку определено. Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието, со писмено полномошно, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Собранието на Друштвото одлучува особено за: измени и дополнувања на статутот,зголемување и намалување на основната главнина,промена на правата врзани за одделните родови и видови акции, именување и разрешување на членовите на Одборот на директори, одобрување на работата на Одборот на директори, усвојување на годишна сметка, како и контролори на управувањето со Друштвото, именува ревизори на годишните сметки, одлучува за преобразба на Друштвото во друго друштво и за престанок на Друштвото, за издавање на обврзници,статусни промени на Друштвото, одлучува во други случаи изрично утврдени со закон.

Одборот на директори, односно неизвршните членови на Одборот на директори можат, со мнозинство гласови од своите членови , по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување на Собрание.
Барање за свикување на Собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас. Ако по

барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Одборот на директори не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барање, акционерите можат да поднесат предлог за свикување на Собрание до судот.

Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеке точки во дневниот ред на Собранието кое што е веќе свикано. Барањето за вклучување на една или повеке точки во дневниот ред на Собрание кое што е свикано се испраќа до свикувачот на Собранието, односно до лицето определно од судот да свика Собрание, во согласност со овој закон и тоа во рок од осум дена од денот кога е објавен јаниот повик за учество на Собрание.

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.
За работата на Собранието се води записник чија содржина потпишување оверување и чување е утврдено со закон. За сите одлуки на Собранието се води евиденција.

Начинот на гласање го определува Собранието на Друштвото освен кога со закон не е пропишано поинаку. Тајно се гласа по барање на еден или повеке акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас.

**Соопштенија за акционерите**

Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите. Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на одржување на Собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на Собранието.
Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

**Право на глас**

Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во Собранието на Друштвото. Бројот на гласовите во Собранието изнесува 866.160 гласови.

**Исплата на дивиденда**

Дивиденда се исплатува врз основа на Одлука на Собранието на Друштвото, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата .

**Престанување на Друштвото**

Друштвото престанува кога ќе настапи било која од причините утврдени со закон, како и кога Собранието ќе донесе одлука за престанок на Друштвото. Одлуката за престанок. Собранието ја донесува со мнозинство од најмалку две третини на гласовите од акциите со право на глас претставени на Собранието.
За своите обврски Друштвото одговара со целокупниот имот.
Акционерите не одговараат за обврските на Друштвото.

**Откуп на сопствени акции**

Друштвото може да стекне сопствени акции согласно закон.

**4.4.Статистички податоци за тргувањето со акциите на Уготур АД Скопје за 2010,2011 и 2012 година**

Во периодот од 01.01-2010 до 31.12.2012 година со акциите на УГОТУР АД Скопје е тргувано на Редовниот пазар на Македонската берза АД Скопје , на подсегментот Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување. Вкупно се иструвани 5.422 обични акции на УГОТУР АД Скопје, што претставува 0.626% од вкупно издадените хартии од вредност.
Максималната цена е постигната на 25.01.2010 година и изнесува 50 денари за реализирана трансакција со 200 обични акции од УГОТУР АД Скопје, а минималната цена по акција изнесува 10 денари за истргувани 1.751 обична акција и е постигната на 27.06.2011; 03.08.2011 ;29.08.2011; 13.09.2011; 20.09.2011; 26.09.2011; 29.09.2011; 14.10.2011 и 09.12.2011 година.

Во продолжение следи графичкиот приказ за тргувањето со акциите на УГОТУР АД Скопје на Редовниот пазар на Македонската берза АД Скопје.




# 5. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ

## 5.1.Податоци за членовите на органите на управување

Управувањето со УГОТУР АД Скопје е организирано според едностепен систем на управување,со Одбор на директори.

Одборот на директори е составен од 5 члена. Членовите на Одборот на директори ги именува и разрешува Собранието. Мандатот на членовите на Одборот на директори е шест години . Едно лице може да биде избрано за член на Одборот повеќе пати. Од вкупниот број членови три се неизвршни, еден е независен неизвршен член и еден член е извршен. Ако бројот на неизвршни членови се намали под законскиот минимум членовите на Одборот на директори кои остануваат веднаш свикуваат Собрание за да се пополни составот на Одборот на директори.

Со работата на Одборот на директори раководи Претседател.

Претседателот на Одборот на директори се избира од редот на неизвршните членови на Одоборот на директори. Изборот се врши со јавно гласање, со мозинство на гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори се должни да ги вршат своите работи во интерес на Друштвото, акционерите и вработените со внимание на уредни и совесни стопанственици и да ја чуваат деловната тајна.

Извршниот член на Одборот на директори најмалку еднаш во три месеци им поднесува на неизвршните членови писмен извештај за работењето на Друштвото. На барање на неизвршните членови на Одборот на директори извршниот директор е должен да подготви посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некои определени аспекти на неговото работење.

Одборот на директори има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во име на Друштвото во согласност со законот, Статутот и изричните овластувања дадени од Собранието.

Членови на Одборот на директори на Уготур АД Скопје се :

| Име и презиме | функција | број на акции во во основна главнина |
|---|---|---|
| Тодор Трпчевски | Претседател и неизвршен член | нема |
| Благој Поповски | извршен член | нема |
| Коста Трајаноски | неизвршен член | нема |
| Ѓуро Јовановски | неизвршен член | нема |
| Драгутин Трповски | неизвршен и независен член | 24 |

Во продолжение следи приказ за податоци за пооделни членови на Одборот на директори на УГОТУР АД Скопје:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Име и презиме и датум на раѓање | **1.Тодор Трпчевски**-08.02.1948 |
| 1.1 | Деловна адреса | Ул.Благој Давков 19/4 Скопје |
| 1.2 | Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата | Претседател и Неизвршен член на Одборот на директори од 15.04.2005 |
| 1.3 | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот |
| 1.4 | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори | Нема било каква поврзаност со другите членови на Одборот на директори |
| | Детални податоци | |
| 1.5 | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство | Дипломиран правник.<br>-1975 во ЖТО ООЗТ Фершпед Скопје.<br>-1985 во рамки на ЖТО ООЗТ Фершпед обавува функција Пом.директор за дејност складишта<br>-1992 во рамки на Фершпед АД -Пом. директор за дејност складишта.<br>-2008-Заменик на Генерален директор во Фершпед АД |

| | | |
|---|---|---|
| 1.6 | Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Член на НО на Фершпед АД од 14.05.2010 година.<br>Акционер е во ФЕРШПЕД АД Скопје. |
| 1.7 | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и  НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години |
| 1.8 | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката  и до кога траела забраната) | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 1.9 | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество | Не поседува акции во друштвото |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Име и презиме и датум на раѓање | **2.Благој Поповски -17.03.1949** |
| 2.1 | Деловна адреса | 16-та  Македонска бригада бр18  Скопје |
| 2.2 | Функција што ја врши кај издавачот и датум од  кога ја врши функцијата | Извршен член на Одборот на директори  од 15.04.2005 |
| 2.3 | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот |
| 2.4 | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори | Нема било каква поврзаност со другите членови на Одборот на директори |
| | Детални податоци | |
| 2.5 | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство | Дипломиран економист, има работен стаж во „Макотекс„ Увоз-извоз – Скопје од 1974 |

| | | |
|---|---|---|
| | | година до 1991 година, како Директор на широка потрошувачка.<br>во „Фершпед„ А.Д.-Скопје од 1992 година до 2006 година, како Помошен раководител на сектор Трговија,<br>во „Уготур„А.Д.-Скопје од 2006 година и сеуште продолжува, како Извршен директор. |
| 2.6 | Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО или содружник односно акционер во било кое време во последните пет години. |
| 2.7 | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години |
| 2.8 | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 2.9 | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество | Не поседува акции во друштвото |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Име и презиме и датум на раѓање | **3.Коста Трајаноски -16.05.1952** |
| 3.1 | Деловна адреса | Ул.Лондонска 2-2/14 Скопје |
| 3.2 | Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата | Неизвршен член на Одборот на директори од15.04.2005 |
| 3.3 | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори | Нема било каква поврзаност со другите членови на Одборот на директори |
| | Детални податоци | |
| 3.5 | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство | Економист по угостителство, има работен стаж во Р.О.„Илинден„-Хотел „Монтана„-Крушево од 1975-1982 г., како шеф на ресторанти.<br>Во „Технометал-Вардар„А.Д.-Скопје од 1983-1991 г., како раководител на хотел и мензи за општествена исхрана, а од 1992-2011 г. Како директор на секотор за угостителство и туризам. |
| 3.6 | Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО или содружник односно акционер во било кое време во последните пет години. |
| 3.7 | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години |
| 3.8 | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 3.9 | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество | Не поседува акции во друштвото |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Име и презиме и датум на раѓање | **4.Ѓуро Јовановски - 24.09.1949** |
| 4.1 | Деловна адреса | ул.Шидска 18-1-20 Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 4.2 | Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата | Неизвршен член на Одборот на директори од 25.10.2011 |
| 4.3 | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот |
| 4.4 | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори | Нема било каква поврзаност со другите членови на Одборот на директори |
| | Детални податоци | |
| 4.5 | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство | -од 01.06.1975 г.во фабрика „Црвена Звезда„ во комерција а потоа и ком.директор во истата<br>-од 01.04.1980 г. во „Агромак„ Скопје во финансов сектор а потоа и финансов директор<br>-од 20.06.1988 г. до денес во „Макпетрол„А.Д.-Скопје (од1988 г. Како пеф на одделение во дирекција финансии и економика, од 1989 г. како раководител на сектор за финансии во дирекцијата, од 1993 г. до денес како помошник директор во дирекцијата за финансии) |
| 4.6 | Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Надзорен одбор во Макпетрол АД Скопје од 1991-2011 година |
| 4.7 | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години |
| 4.8 | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |

| | | |
|---|---|---|
| 4.9 | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество | Не поседува акции во друштвото |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Име и презиме и датум на раѓање | **5.Драгутин Трповски – 24.12.1948** |
| 5.1 | Деловна адреса | ул.Ангел Винички бр.18 |
| 5.2 | Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата | Неизвршен и Независен член на Одборот на директори од 15.04.2005 |
| 5.3 | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот |
| 5.4 | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори | Нема било каква поврзаност со другите членови на Одборот на директори |
| | Детални податоци | |
| 5.5 | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство | Економски техничар<br>1971-1978 работел во погонот Челичарница при РЖ „Скопје„-Скопје<br>1978-1995 работел во Економика при РЖ„Скопје„-Скопје<br>1995-2012 работи во Уготур А.Д.-Скопје<br>2001-2006 втор извршен директор во Уготур А.Д.-Скопје<br>од 2006 -сеуште како неизвршен независен член на Одборот на директори на Друштовото |
| 5.6 | Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО или содружник односно акционер во било кое време во последните пет години. |
| 5.7 | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години |

| | | |
|---|---|---|
| 5.8 | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката  и до кога траела забраната) | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 5.9 | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество | Поседува 24 обични акции или 0,0028% во основната главнина на друштвото,односно во акциите со право на глас |

## 5.2.Судир на интереси помеѓу членовите на органите на издавачот

### 5.2.1.Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои овие лица ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности

Не постои потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои лицата,членови на Одборот на директори ги имаат кај УГОТУР АД Скопје и нивните приватни интереси или други одговорности.

### 5.2.2.Податок за постоење на договор или соработка помеѓу овие лица и големите акционери,клиенти,добавувачи и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на Одбор на директори на издавачот

Не постои договор или соработка помеѓу лицата,членови на Одборот на директори и големите акционери,клиенти,добавувачи и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на Одборот на директори на УГОТУР АД  Скопје.

### 5.2.3.Детални податоци за постоењето на било каково ограничување на располагањето со акциите кои членовите на Одборот на директори на издавачот ги поседуваат кај издавачот,во определен временски период за што овие лица се согласиле

Не постои било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на Одборот на директори ги поседуваат кај УГОТУР АД Скопје во определен временски период.

## 6. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ

### 6.1. Информација за развојните перспективи во деловното работење во периодот 2013-2o15 година

Во деловното работење на УГОТУР АД Скопје во периодот 2013-2015 година не се очекуваат некои промени во однос на остварувањата од последната година. УГОТУР АД Скопје приходите од работењето ги остварува воглавно од главната дејност, односно производство и дистрибуција на храна до местото на продажба.
Воедно економската криза на глобално ниво негативно се одразува на деловното работење на нашиот најголем корисник, Макстил АД Скопје, што посредно ќе има влијание на развојните перспективи на друштвото.
И покрај тоа, менаџерскиот тим на УГОТУР АД Скопје интензивно бара и други решенија за зголемување на приходите во периодот што следи.

### 6.2. Основни претпоставки и проценка за движење на добивката во период 2013-2015 година

УГОТУР АД Скопје проценува дека 2013 година ќе ја заврши со добивка, пред се како резултат на капитална добивка од продажба на градежен објект. Во 2014 и 2015 година претпоставуваме дека добивката ќе се движи во рамки на досегашните добивки, но ова пред се ќе зависи од сосојбата на нашиот најголем корисник на услугите Макстил АД Скопје.

## 7. РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 и 2012 ГОДИНА

Составен дел на Проспектот се Ревидираните финансиски извештаи со мислењето на независниот ревизор за 2011 и 2012 година, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија .

# А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2012,**
**со извештај на независниот ревизор**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2012, со извештај на независниот ревизор

## <u>СОДРЖИНА</u>


| | <u>Страна</u> |
|---|---|
| **ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР** | **3 - 5** |
| **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ :** | |
| **БИЛАНС НА УСПЕХ** | **6** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **7** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА** | **8** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК** | **9** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА ГЛАВНИНАТА** | **10** |
| **БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ** | **11 - 23** |

| Б и Љ, Боро И Љупчо д.о.о. - Скопје | Ревизија, Проценка и Финансиски Консалтинг | Дрезденска бр 52 1000 Скопје Македонија | Тел: + 389 (02) 3066-604 + 389 (02) 3061-185 Факс + 389 (02) 3094-919 |
|---|---|---|---|

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До акционерите на А.Д. "УГОТУР" - Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД УГОТУР Скопје што ги вклучуваат извештај за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2012 година, како и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на АД УГОТУР Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основа за мислење со резерва*

Со верификација утврдивме дека кај обврските спрема добавувачите во износ од 37.833 илјади денари, прикажани во билансот на состојбата на ден 31.12.2012 година, содржан е износ од 34.829 илјади денари кои се постари од пет години , а се однесуваат на Фершпед АД Скопје.

Со постапки на ревизија утврдивме дека кај основните средства во износ од 9.588 илјади денари, прикажани во билансот на состојбата на ден 31.12.2012 година, содржан е износ од 2.282 илјади денари за кои Друштвото нема докази за соспственост, а се однесуваат на основни средства кои требало да влезат како основачки влог во РЖ Услуги АД Скопје.

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за ефектите од прашањата наведени во основи за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД УГОТУР Скопје заклучно со 31 декември 2012 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Без понатаму да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание дека во приложените финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2012 година, тековните обврски ги надминуваат тековните средства за износ од 39.077 илјади денари, што може да доведе до ликвидносни проблеми во работењето на Друштвото.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2012 година.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на АД УГОТУР Скопје за годината што заврши на 31 декември 2012 година.

Скопје, 10 март 2013 година

Овластен ревизор

Атанасовски Борислав

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Атанасовски Борислав

## А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

## БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2012 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **5** | **37.358** | **34.367** |
| Останати оперативни приходи | 6 | 2.756 | 1.858 |
| Употребени материјали и ситен инвентар | 7 | -16.356 | -16.767 |
| Плати | | -11.387 | -10.378 |
| Амортизација | | -1.323 | -1.459 |
| Набавна вредност на трговски стоки | | -4.502 | -925 |
| Останати оперативни расходи | 8 | -3.789 | -4.837 |
| **Добивка од редовно работење** | | **2.757** | **1.859** |
| Финансиски приходи | 9 | 2 | 63 |
| Финансиски расходи | 10 | -17.576 | -3 |
| **Загуба/добивка пред одданочување** | | **-14.817** | **1.919** |
| Данок од добивка | | -60 | -54 |
| **Загуба/добивка за пресметковниот период** | | **-14.877** | **1.865** |
| Добивка/загуба за имателите на обични акции | | -14.877 | 1.865 |
| **Заработка по акција** | | | |
| Основна во денари | | -16,79 | -2,15 |

**Одбор на директори**

**Извршен директор**

**Белешките содржани од страна 11 до 23 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Нето загуба/добивка за периодот** | | **-14.877** | **1.865** |
| Друга сеопфатна добивка: | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | | |
| **Вкупна друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **-14.877** | **1.865** |

**Белешките содржани од страна 11 до 23 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2012 година**

| во илјади денари | Белешки | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Основни средства | 11 | 9.588 | 10.801 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **9.588** | **10.801** |
| Залихи | 12 | 3.503 | 3.582 |
| Побарувања од купувачи | 13 | 13.566 | 16.092 |
| Побарувања за дадени аванси | 14 | | 6 |
| Останати краткорочни побарувања | 15 | 297 | 458 |
| Парични срердства и хартии од вредност | 16 | 1.752 | 971 |
| **Вкупно тековни средства** | | **19.118** | **21.109** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **28.706** | **31.910** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 67.415 | 67.415 |
| Резерви | | 2.318 | 2.318 |
| Непокриена загуба | | -99.468 | -84.591 |
| **Траен капитал** | | **-29.735** | **-14.858** |
| **Останати долгорочни обврски** | | **246** | |
| Обврски спрема добавувачи | 17 | 37.833 | 30.329 |
| Оврски за примени аванси | 18 | | 10.426 |
| Останати краткорочни обврски | 19 | 20.362 | 6.013 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **58.195** | **46.768** |
| **ВКУПНА КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **28.706** | **31.910** |

**Одбор на директори**

**Извршен директор**

**Белешките на страна 11 до 23 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК
**за годината завршена на 31 декември 2012 година**

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **А. Паричен тек од деловни активности** | | |
| Нето загуба/добивка | -14.877 | 1.865 |
| Корегирано за: | | |
| Амортизација | 1.323 | 1.459 |
| Побарувања од купувачи | 2.526 | -4.047 |
| Побарувања за аванси | | 15 |
| Останати побарувања | 167 | 33 |
| Залихи | 80 | -68 |
| Обврски спрема добавувачи | 10.679 | 1.167 |
| Останати обврски | 748 | 36 |
| **Нето приливи/одливи од деловни активности** | **646** | **460** |
| **Б. Парични текови од инвестициони активност** | | |
| Директни набавки | -110 | -58 |
| Расход | | |
| **Нето одливи од инвестициони активности** | **-110** | **-58** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Прекнижување | | -17 |
| Останати долгорочни обврски | 245 | |
| **Нето парични одливи/приливи од финан. активности** | **245** | **-17** |
| **ЗГОЛЕМ./НАМАЛ. НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **781** | **385** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **971** | **586** |
| **Парични средсва на крајот на годината** | **1.752** | **971** |

**Белешките содржани од страна 11 до 23 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНАТА
## за годината завршена на 31 декември 2012 година

| **во илјади денари** | **Акционерски капитал** | **Резерви** | **Нераспредел. добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **1.01.2012 година** | **67.415** | **2.317** | **-84.590** | **-14.858** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | |
| Добивка 2012 година | | | -14.877 | **-14.877** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | | | **-14.877** | **-14.877** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Распределба на резерви | | | | |
| Останато | | | | |
| **Состојба 31.12.2012** | **67.415** | **2.317** | **-99.467** | **-29.735** |

| **во илјади денари** | **Акционерски капитал** | **Резерви** | **Нераспредел. добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **1.01.2011 година** | **67.415** | **2.037** | **-86.156** | **-16.704** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | |
| Добивка 2011 година | | | 1.865 | **1.865** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | | | **1.865** | **1.865** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Распределба на резерви | | 280 | -280 | **0** |
| Останато | | | -19 | **-19** |
| **Состојба 31.12.2011** | **67.415** | **2.317** | **-84.590** | **-14.858** |

**Белешките на страна 11 до 23 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

# 1. ОПШТО

А.Д. "УГОТУР" - Скопје се бави со организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија. Седиштето на "Уготур" А.Д. е на ул "16 - та Македонска бригада" бр. 18 - Скопје.

Основната главнина на Друштвото ја сочинуваат 866.160 обични акции. Номиналната вредноста на една обична акција изнесува 5,11 евра.

На 31.12.2012 година во АД "УГОТУР" - Скопје беа вработени 30 лица. На 31.12.2011 година бројот на вработените, исто така изнесуваше 30 лица.

# 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2.1. Прописи

Финансиски извештаи, се изготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди (МСС) и Меѓународниот Стандард за Финансиско Известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за водење сметководство во Службен Весник на РМ бр.159/2009 применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се прикажани во иљади денари, освен ако не е поинаку наведено.

## 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на методот на набавна вредност.

## 2.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето. Тоа значи дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина.

### 2.4. Користење на сметководствени проценки и расудувања

При подоготвувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

Сметководствени проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на материјалните и нематеријалните средства, објективната вредност на побарувањата, односно нивната наплатливост, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и други ставки.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во околностите што биле основа за проценката, како резултат на нови информации или последователни случувања.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финаисиските извештаи за 2012 година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Политика на евидентирање на приходите

Друштвото евидентира приходи од продажба на услугите кои ги врши во моментот на нивното извршување за потребите на своите клиенти. Приходите се евидентираат со примена на принципот на фактичност на настаните, односно во моментот на нивното настанување.

### 3.2. Приходи од камати

Каматите настанати по основ на побарувања од деловните односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати. Приходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.3. Камати како расход

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловните односи се искажуваат како расходи од камати. Расходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.4. Приходи по основ на финансиски вложувања

Приходите по основ на вложените средства во акции на банки, други финансиски организации и во трговски друштва се искажуваат во билансот на успехот како приходи во рамките на останатите оперативни приходи.

### 3.5. Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се надоместуваат од приходот на пресметковниот период кога ќе настанат.

Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

### 3.6. Недвижности,постројки и опрема

Набавките на НПО во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на НПО се состои од фактурната вредност на набавените НПО зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Во согласност со прописите кои порано се применуваа во Република Македонија, НПО се ревалоризирани на крајот на годината. Ревалоризацијата се вршеше на набавната или претходно ревалоризираната вредност на средствата и на исправката на вредноста со примена на официјални коефициенти за ревалоризација. Нето ефектот од ревалоризацијата е евидентиран како ревалоризациона резерва. Последна ревалоризација Друштвото изврши во 2003 година.

НПО се поделени во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот целосен отпис.

Позитивната разлика настаната при продажба на НПО се книжи во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотпишаната вредност на продадени и расходувани НПО се книжи на товар на останатите оперативни расходи.

### 3.7. Амортизација

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки не пониски од пропишаните во Номенклатурата на средствата за амортизација. Набавната или ревалоризирана вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Амортизација не се пресметува на земјиштето, шумите и инвестициите во тек.

Пропишаните стапки на амортизацијата за основните средства што ги поседува УГОТУР АД - Скопје се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5 % |
| Транспортни средства | 25% |
| Опрема | 5 - 25% |

### 3.8. Оштетување (обезвреднување) на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата се проверуваат од можни обезвреднувања секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност. Загуба од оштетување (обезвреднување) се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност на средството. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност. Нето продажната цена е износ што се добива од продажба на средството во трансакција помеѓу добро известени субјекти. Употребната вредност е сегашна вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместувачкиот износ се проценува за поедниечните средства или доколку тоа не е можно за целата група на средства која генерира готовински прилив.

### 3.9. Залихи

Залихите на материјали и трговски стоки се искажуваат по набавна вредност, заедно со трошоците за нивна набавка.

Ситниот инвентар се отпишува во целост при ставањето во употреба.

### 3.10. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања за испорачаните услуги и стоки, намалени за исправката на вредност за ненаплатливите побарувања. Исправка на вредноста на побарувањата од купувачи се врши кога постојат објективни докази дека побарувањето не може да се наплати. Индикатори кои се користат при проценката на наплатливоста на побарувањата од купувачи се: инсолвентност на купувачите, значително доцнење на наплатата, како и стечај или ликвидација на купувачите.

Последователната наплата на претходно отпишаните износи на побарувања се признава во рамките на останатите оперативни приходи.

### 3.11. Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска и девизна готовина во благајна, парични средства на жиро - сметките во деловни банки, девизни сметки во деловните банки и други парични средства.

### 3.12. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Македонија на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од останатите оперативни приходи, односно од останатите оперативни расходи.

### 3.13. Капитал, резерви и акумулирани добивки

**Акционерски капитал**

Акционерскиот капитал се состои од обични. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

**Законски резерви**

Законските резерви ги сочинуваат резервите формирани со распределба на дел од нето добивката на Друштвото. Овие резерви можат да бидат употребени за покривање на искажана загуба во работењето на Друштвото.

**Акумулирана загуба**

Акумулираната загуба ги вклучува акумулираната загуба од претходните години, како и загубата по оданочување од тековната година.

### 3.14. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност со одобрување на останатите оперативни приходи.

### 3.15. Данок на добивка

Данокот на добивка, како резултат на законските измени, во 2009 година се пресметува на изменет начин. Основа за пресметка на данокот на добивка се повеќе видови трошоци кои не се признаваат за целите на оданочувањето, тн. даночно непризнаени трошоци. Данок на добивка се плаќа и при исплатата на дивиденди од добивките остварени во финансиските извештаи од 2009 година и наредните години.

Стапката на данокот на добивка во Република Македонија изнесува 10% (10% и во 2011 година).

### 3.16. Користи за вработените

#### Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско осигурување, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход во согласност со важечките законски стапки во текот на годината. Основицата за пресметка на придонесите претставува бруто платата. Друштвото плаќа придонес за пензиско осигурување во првиот и вториот пензиски столб, односно во Државниот пензиски фонд, а дел и во приватни пензиски фондови. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

#### Обврски при пензионирање

Друштвото, во согласност со домашните законски прописи, на вработените што се пензионираат им исплаќа надомест во износ на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирањето. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените затоа што се смета дека износот е нематеријален за финансиските извештаи.

### 3.17. Резервирања

Резервирања се признаваат и пресметуваат кога Друштвото има правна обврска или обврска која произлегува од договор како резултат на минат настан и кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на средства со цел да се подмири обврската и кога може да се направи разумна проценка на износот. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат цо цел да се усогласат со најдобрата тековна проценка.

### 3.18. Неизвесни обврски и неизвесни средства

Неизвесна обврска е можна обврска што произлегува од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Друштвото. Неизвесните обврски само се обелоденуваат во финансиските извештаи.

Неизвесни средства се можни средства што произлегуваат од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Друштвото. Неизвесните средства се признаваат ако приливот на економски користи е веројатен.

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените) кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Одборот на директори. Основата на управувањето со финансискиот ризик се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

### 4.1. Пазарен ризик

**Ризик од промени на девизниот курс**

АД “УГОТУР” - Скопје во своето работење стапува во меѓународни трансакции во мал обем заради набавка на стоки и услуги. Овие набавки се искажани во странски валути.

Друштвото не користи содветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија. Поради тоа, Друштвото не е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

**Ризик од промени на цените**

Друштвото не е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба затоа што АД “УГОТУР” Скопје немаат вложувања расположливи за продажба.

### 4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај купувачите на неговите производи да не можат да ги извршат своите обврски спрема Друштвото.

Побарувањата од купувачите вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

### 4.3. Ризик од промени на каматните стапки

Друштовото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Друштвото нема обврски по кредити нити депозити во банки, па затоа не е изложено на ризик од промена на каматните стапки.

### 4.4. Ризик од неликвидност

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите и кредиторите.

Друштвото нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

### 4.5. Ризик од финансирање

Друштвото го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити (краткорочни и долгорочни) и паричните средства.

Одборот на директори на АД “УГОТУР” - Скопје врши редовно следење на кредитната задолженост.

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Обврски по кредити | | |
| Парични средства | -1.752 | -971 |
| Нето обврски по кредити | -1.752 | -971 |
| Капитал и резерви | -29.734 | -14.857 |
| **% на кредитна задолженост** | **0,00%** | **0,00%** |

## А.Д. "УГОТУР" - СКОПЈЕ

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Приходи од услуги на домашен пазар | 4.090 | 2.041 |
| Други приходи од услуги на домашен пазар | 31.624 | 32.326 |
| **Вкупно** | **35.714** | **34.367** |

### 6. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Приходи од закупнини | 1.644 | 1.670 |
| Приходи од продажба на постојани средства | | 10 |
| Приходи од отпис на обврски | 2.706 | 125 |
| Останати | 50 | 53 |
| **Вкупно** | **4.400** | **1.858** |

### 7. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Материјали И резервни делови | 16.187 | 16.746 |
| Отпис на ситен инвентар | 169 | 21 |
| **Вкупно** | **16.356** | **16.767** |

### 8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Услуги за одржување | 286 | 154 |
| Трошоци за енергија | 625 | 630 |
| Транспортни трошоци | 200 | 245 |
| Вредносно усогласување на побарув. | | 92 |
| Надворешни услуги | 1.274 | 1.257 |
| Дневници за службени патувања | | 729 |
| Банкарски услуги | 45 | 46 |
| Останато | 1.359 | 1.684 |
| **Вкупно** | **3.789** | **4.837** |

## 9. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 64 | 64 |
| **Вкупно** | **64** | **64** |

## 10. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Расходи од камати | 17.571 | 3 |
| **Вкупно** | **17.571** | **3** |

## 11. ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Набавната вредност на основните средства и нивната исправка на вредноста на ден 31 декември 2012 година се како што следи:

| **во илјади денари** | **Градежни објекти** | **Опрема** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| **Состојба 1.01.2012** | **40.364** | **10.969** | **51.333** |
| Директни набавки | 76 | 34 | 110 |
| Расходување | | | 0 |
| **Состојба на 31.12.2011** | **40.440** | **11.003** | **51.443** |
| **Исправка на вредност** | | | |
| **Состојба на 1.01.2012** | **31.209** | **9.323** | **40.532** |
| Амортизација | 709 | 614 | 1.323 |
| Расходување | | | 0 |
| **Состојба на 31 декември 2012** | **31.918** | **9.937** | **41.855** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА** | **8.522** | **1.066** | **9.588** |

| во илјади денари | Градежни објекти | Опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| **Состојба 1.01.2011** | **40.364** | **12.139** | **52.503** |
| Директни набавки | | 59 | 59 |
| Расходување | | -1.229 | -1.229 |
| **Состојба на 31.12.2011** | **40.364** | **10.969** | **51.333** |
| **Исправка на вредност** | | | |
| **Состојба на 1.01.2011** | **30.501** | **9.801** | **40.302** |
| Амортизација | 708 | 751 | 1.459 |
| Расходување | | -1.229 | -1.229 |
| **Состојба на 31 декември 2011** | **31.209** | **9.323** | **40.532** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА** | **9.155** | **1.646** | **10.801** |

## 12. ЗАЛИХИ

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Суровини | 2.375 | 2.452 |
| Ситен инвентар | 2.549 | 3.402 |
| **Вкупно** | 4.924 | 5.854 |
| Минус - Исправка на вредност | -1.421 | -2.272 |
| **Вкупно** | **3.503** | **3.582** |

## 13. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| во илјади денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 13.566 | 16.092 |
| **Вкупно** | **13.566** | **16.092** |

## 14. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Побарување за аванси во земјата | | 6 |
| **Вкупно** | **0** | **6** |

## 15. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Побарувања од вработените | 290 | 167 |
| Побарувања за повеќе платени даноци | | |
| Останати побарувања | 7 | 291 |
| **Вкупно** | **297** | **458** |

## 16. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 1.686 | 965 |
| Благајна | 66 | 6 |
| **Вкупно** | **1.752** | **971** |

